| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| **Назив на планскиот документ** | Изменување и дополнување на урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на ветерен парк (за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет над 10 MW) во општина Штип, општина Радовиш и општина Карбинци |
| **Орган надлежен за изработка на планскиот документ** | УРБАН ПРОЕКТИНГ ДООЕЛ Велес<br>Ул.Никола Оровчанец бр.1 Велес |
| **Орган надлежен за донесување на планскиот документ** | Министерство за транспорт |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| **Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ** | Биљана Тасева, диа<br>Душко Кузманов |
| **Назив на работното место** | Планер |
| **Контакт податоци на лицето** | urbanproekting@yahoo.com |

| Основни податоци за планскиот документ |
|---|
| **Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба)** |
| Овој СОЖС формулар се изработува на основа на Проектна програма за Изменување и дополнување на урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на ветерен парк (за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет над 10 MW) во општина Штип, општина Радовиш и општина Карбинци.<br>Изработката на Изменување и дополнување на урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на ветерен парк (за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет над 10 MW) во општина Штип, општина Радовиш и општина Карбинци е врз основа на член 31 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25), а поради потребата од промените настанати во развојот на проектот и инфраструктурни подобрувања на веќе донесен урбанистички план.<br>Изменувањето и дополнувањето на Урбанистичкиот план за подрачја и градби од државно значење има за цел да ги опфати и вклучи промените настанати во развојот на проектот, со што ќе се овозможи негова побрза и поефикасна реализација во согласност со потребите за инфраструктурно унапредување и техничка усогласеност со актуелните услови на теренот.<br>Со предложените измени и дополнувања се задржува истата основна намена на просторот – ветерни електрани, при што измените се однесуваат на поделба на донесениот плански опфат на три посебни целини со цел појасна организација на изградбата и управувањето со проектот како и проширување на планскиот опфат за изградба на далновод со цел за приклучување на ветерниот парк на електроенергетската мрежа.<br>Со изменувањето и дополнувањето на урбанистичкиот пан, планскиот опфат се проширува за 27ha во делот каде е планирана трасата на далноводот, за кои се добиени услови за планирање за поставување на 2x400 kV надземен далновод во КО Љуботен, КО Пухче и КО Лакавица, Општина Штип издадени од Агенција за планирање на просторот со технички број Y40325 од Септември 2025 и Решение за Услови за планирање на просторот издадено од Министерство за животна средина и просторно планирање со број 15-4071/2 од 02.10.2025 година, добиени во постапка број 74506 (Детали за УПП).<br>Во рамки на планскиот опфат од донесениот УППГДЗ планирано е поставување на трансформаторска станица ТС Балталија. Планираниот 2x400kV далновод ќе овозможи приклучување на ветерниот парк одобрен со УППГДЗ преку планираната ТС Балталија со електропреносната мрежа управувана од АД МЕПСО.<br>Нарачател на урбанистичкиот план е ИНВАЛЛ МАК ДООЕЛ Скопје.<br>За предметниот плански опфат се издадени:<br>Услови за планирање на просторот со тех. бр.11609 од септември 2009 година изработени од Агенција за планирање на просторот и Решение од Министерството за животна средина и просторно планирање - Сектор за просторно планирање со бр.15-5967/4 од 02.11.2009 година,<br>Услови за планирање на просторот, со тех. бр. Y0025 од март 2025 година, изработени од Агенција за планирање на просторот и Решение за Услови за планирање на просторот со арх. бр. 15-1569/2 од 07.4.2025 година издадено од Министерството за животна средина и просторно планирање - Сектор за просторно планирање, добиени во постапка број 67657(Детали за УПП).<br>Услови за планирање издадени од страна на Агенција за планирање на просторот со технички број Y40325 од Септември 2025 и Решение за Услови за планирање на просторот издадено од Министерство за животна средина и просторно планирање со број 15-4071/2 од 02.10.2025 година, добиени во постапка број 74506 (Детали за УПП). |

| |
|---|
| Во прилог 1 е дадена проектната програма. |
| **Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот?** |
| Да ☐<br>Не ☒<br>Со предметниот плански документ се вршат измени и дополнувања на постоечки урбанистички план. |
| **Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување?** |
| Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на ветерен парк (за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет над 10 MW) во општина Штип, општина Радовиш и општина Карбинци.<br>Урбанистичкиот план е донесен од страна на Владата на Република Северна Македонија со одлука бр. 50-5847/15 од 17 јуни 2025 година (Службен весник на РСМ бр. 122/25) за кој е издаден Извод бр. 85/2025 од Министерството за транспорт. |
| **Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа.** |
| Да.<br>Планскиот документ опфаќа област на Планирање на просторот и користење на земјиштето определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина (Службен весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/2015, 192/2015, 39/16, 99/18, 89/22, 171/22, 3/2025) и Уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето („Службен весник на РМ“ бр. 153 од 20.12.2007 година). |
| **Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5).** |
| **Да** ☒ / **Не** ☐ \| **Член:** 3 \| **Точка** 13 \| **Алинеја:** |
| **Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор.** |
| Да.<br>Постоечкиот урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на ветерен парк (за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет над 10 MW) во Општина Штип, Општина Радовиш и Општина Карбинци опфаќа проектни активности за производство на електрична енергија од обновливи извори. Оваа проектна активност (ветерен парк) се наоѓа во Прилог II, Поглавје 3 од Уредбата за определување на проектите и за |

критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оцена на влијанијата врз животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр.74/05, 109/09, 164/12).

За проектната активност (ветерен парк), согласно релевантната законска регулатива, Инвеститорот изработи Студија за оцена на влијанието врз животната средина (во понатамошниот текст: “Студија”), за која од страна на надележниот орган – Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП) - е издадено Решение за издавање на согласност, бр. 11/2561/3 од 14/08/2009 година (Прилог 2) (во понатамошниот текст: “Решение”). Согласно Законот за животната средина (Службен весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/2015, 192/2015, 39/16, 99/18 и 89/22), МСЖПП донесе неколку решенија со кои се продолжува важноста на предметната Студија, т.е. важноста на Решението. Последното издадено решение со кое важноста на горенаведената студија се продолжува за период од две години е издадено на 14/02/2024 година (бр. УП1-11/4-210/2024).

Со измените и дополнувањата предвидени со планскот документ се предвидува дополнителна активност што претставува технички поврзана проектна активност на проектната активност веќе предвидена со постоечкиот урбанистички план – изградба на далекувод.

Врз основа на Законот за животна средина („Службен весник на РМ“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 и „Службен весник на РСМ“ бр. 89/22, 171/22 и 03/25), поглавје XI Оцена на влијанијата на определени проекти врз животната средина (член 76 и 94 од законот) и согласно Уредбата за определување на проектите и за критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оцена на влијанијата врз животната средина („Службен весник на РМ“ бр. 74/05, 109/09, 164/12 и 202/16 и „Службен весник на РСМ“ бр. 175/22), новата проектна активност припаѓа во:

> Прилог II – Проекти за кои се утврдува потребата за спроведување постапка за оцена на влијанието врз животната средина (Генерално определени проекти).
>
> Точка 3. Енергетика
>
> (б) Индустриските инсталации за пренос и дистрибуција на гас, пареа и топла вода и за пренос и дистрибуција на електрична енергија со површински водови (проекти што не се вклучени во Прилог I);

За оваа проектна активност се спроведува постапка за оценка на влијанието врз животната средина согласно барањата на законодавството за животна средина (член 24 од Законот за животна средина).

**Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење.**

Не.

Планскиот документ не опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина („Службен весник на РМ“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 и „Службен весник на РСМ“ бр. 89/22, 171/22 и 03/25).

**Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе.**

Предметниот плански документ се изработува согласно Просторниот план на Република Северна Македонија и служи за негово спроведување и разработка, а се донесува за подрачја и градби од државно значење.

Изменувањето и дополнувањето на Урбанистичкиот план за подрачја и градби од државно

| |
|---|
| значење има за цел да ги опфати и вклучи промените настанати во развојот на проектот, со што ќе се овозможи негова побрза и поефикасна реализација во согласност со потребите за инфраструктурно унапредување и техничка усогласеност со актуелните услови на теренот.<br>Со предложените измени и дополнувања се задржува истата основна намена на просторот – ветерни електрани, при што измените се однесуваат на поделба на донесениот плански опфат на три посебни целини со цел појасна организација на изградбата и управувањето со проектот како и проширување на планскиот опфат за изградба на далновод со цел за приклучување на ветерниот парк на електроенергетската мрежа.<br>Со изменувањето и дополнувањето на урбанистичкиот пан, планскиот опфат се проширува за 27ha во делот каде е планирана трасата на далноводот, за кои се добиени услови за планирање за поставување на 2x400 kV надземен далновод во КО Љуботен, КО Пухче и КО Лакавица, Општина Штип издадени од Агенција за планирање на просторот со технички број Y40325 од Септември 2025 и Решение за Услови за планирање на просторот издадено од Министерство за животна средина и просторно планирање со број 15-4071/2 од 02.10.2025 година, добиени во постапка број 74506 (Детали за УПП). |
| **Предмет на планскиот документ (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.)** |
| Планирање на просторот и користење на земјиштето. |
| **Периодот за донесување на планскиот документ.** |
| Согласно член 22 од законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр. 32/20), урбанистичкиот проект се донесува за период од 10 години (член 22 од ЗУО). |
| **Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години?** |
| Урбанистичкиот план е на сила до донесување на нов урбанистички план. |
| **Простор или област опфатени со планскиот документ (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа).** |
| Планскиот опфат се наоѓа во источниот дел на Македонија, во рамките на општина Штип, Радовиш и Карбинци.<br>Планскиот опфат е лоциран во повеќе катастарски општини на територијата на Општина Штип, Општина Радовиш и Општина Карбинци и тоа:<br>КО Калапетровци, КО Мал Габер,КО Шашаварлија, КО Никоман, КО Кошево, КО Голем Габер, КО Љуботен, КО Чифлик, КО Лакавица, КО Долани, КО Липов Дол,КО Селце, КО Штип-ВОНГРАД, КО Пухче, КО Танатарци, КО Шопур, КО Бучим, КО Дамјан.<br><br>Трасата само на далекуводот поминува низ катастарските општини (КО) Пухче, Лакавица и Љуботен.<br>Локацијата опфаќа претежно рурален предел со разновидна топографија – од рамничарски до ридско-планински терен.<br>Макролокациски, проектната локација се наоѓа на околу 5,5 km југозападно од градот Штип во воздушна линија или на околу 8 km од Штип движејќи се по магистралниот пат А4 (Штип – Радовиш) во правец кон Радовиш.<br>На следната карта е дадена местоположба на планскиот опфат во однос на границите на трите засегнати општини и границите на планскиот опфат.<br>Во прилог 2 е дадена карта на планскиот опфат од планскиот документ предмет на овој формулар. |




Извор: Планска програма за Изменување и дополнување на урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на ветерен парк (за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет над 10 MW) во општина Штип, општина Радовиш и општина Карбинци

Појаснување:

Со црвена боја е означена границата на вкупниот плански опфат.

**Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ.**

Да☒

Не☐

Целите целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ се содржани во Проектната програма за планскиот документ, дадена во прилог на овој формулар.

**Дали е приложена копија од целите?**

Да☒

Не☐

**Резиме на влијанијата врз животната средина**

*(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето).*

Спроведувањето на планскиот документ и активноста предвидена со предвидените измени и дополнувања се поврзани со различни влијанија што се типски за овој вид на активност:

- Зафаќање на земјиште,
- Менување на пејсажот.
- Менување на намена и сопственост на земјиште. Спроведувањето на планскиот документ подразбира промена на намената на земјиштето зафатено од инфраструктурата, но земјиштетото во околината вообичаено може да се користи понатаму за различни земјоделски намени.
- Влијанија врз птици и лилјаци.
- Влијанија врз живеалишта. Пренамената на земјиштето е поврзано со менување и фрагментација на живеалиштата.
- Долгорочни придобивки за подобрување на снабдувањето со енергија и поддршка на обновливи извори на енергија.

**Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ.**

| | |
|---|---|
| **Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влијанијата** | Веројатноста за појава на влијанија од спроведувањето на планскиот документ во најголем дел директно зависи од реализацијата, темпото и спроведување на самиот плански документ и истата е реална во смисла на случување.<br>Времетраењето на влијанијата во најголем дел е поврзана со рокот на градба и важноста на планскиот документ, иако дел од тие мерки (пред се позитивни по карактер) се очекува да бидат долгорочни (поврзани со работниот век на ветерната фарма).<br>Фрекфентноста на влијанијата е различна за различни видови влијанија, при што за поголем дел од нив таа се очекува да биде еднократна (поврзани со фазата на градба).<br>Со оглед на природата на активностите предвидени со планскиот документ и работниот век, веројатно е дека влијанијата во поголем дел се очекува да бидат повратни. |
| **Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето** | Со оглед на намената на и активноста што произлегува од планскиот документ, како и локацијата и поширокото опкружување, потенцијалот за кумулативни влијанија е ограничен и истиот е поврзан со присуство на други и слични намени и проекти во околината и еколошки чувствителни подрачја. |
| **Прекугранична природа на влијанијата** | Со оглед на планскиот опфат, планскиот документ не се очекува да има потенцијал за прекугранични влијанија. |
| **Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи)** | Имајќи предвид намената што ја носи планскиот документ и активностите што произлегуваат од планскиот документ, ограничени типски ризици од мал обем се поврзани за активноста: судир на птици и лилјаци и струен удар (на големи видови). Примена на проектантско – технички и оперативни мерки значително го намалува ризикот од вакви појави. |
| **Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и** | Планскиот опфат е лоциран на територијата на општините Штип, Радовиш и Карбинци.<br>Површината на измената и дополнувањето изнесува 27 ha, и |

| | |
|---|---|
| **големината на популацијата која ќе биде засегната)** | претставува само 7 % од вкупниот плански опфат на планскиот документ.<br>Планскиот опфат е лоциран во повеќе катастарски општини на територијата на Општина Штип, Општина Радовиш и Општина Карбинци и тоа:<br>КО Калапетровци, КО Мал Габер,КО Шашаварлија, КО Никоман, КО Кошево, КО Голем Габер, КО Љуботен, КО Чифлик, КО Лакавица, КО Долани, КО Липов Дол,КО Селце, КО Штип-ВОНГРАД, КО Пухче, КО Танатарци, КО Шопур, КО Бучим, КО Дамјан |

**Дел од потенцијалните економски и социјални влијанија што би ги предизвикал планскиот документ како што се:**

Позитивни влијанија:

- Поддршка за развој на најголемата платформа за обновлива енергија во Западен Балкан,
- Поддршка за развој на голема инвестиција со државно значење,
- Значаен придонес во инфраструктурата за обновливи извори на енергија во земјата,
- Поддршка за петкратно зголемување на инсталираниот капацитет на ветер во Северна Македонија,
- Дел од клучна улога во унапредувањето на инвестициската платформа за праведна транзиција на Северна Македонија,
- Поддршка за создавање на голем број градежни работни места,
- Поддршка за производство на доволно чиста енергија за напојување на околу 150.000 домаќинства годишно,
- Поддршка за избегнување на ослободување на преку 988.000 тони $CO_2$-eq годишно,
- Подобрување на патната инфраструктура во регионот,

Негативни влијанија:

- Влијанија врз традиционалниот живот во руралната средина,
- Промена на сопственост на имот заради оформување на плански опфат,

**Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:**

Анализата на достапни и јавни документи и информации не утврдува постоење на документ со кој е направена анализа на вредноста и ранливоста на областа на планскиот опфат што е предмет на измена и дополнување. Разгледувањето на вредностите и ранливоста на областа на планскиот опфат е направена на основа на достапни податоци за областа и релевантни услови за планирање на просторот.

| | |
|---|---|
| **Посебни природни карактеристик и или културно наследство** | Природно наследство<br>Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на РМ, на вкупниот простор за изградба на ветерниот парк (плански опфат), вклучувајќи го и опфатот опфатен со измената и дополнување нема регистрирани ниту евидентирано природно наследство.<br>Во планскиот опфат и во околината не постојат локалитети на природно наследство - заштитени подрачја со националното законодавство или подрачја предложени за заштита.<br>Исто така, во опфатот и неговата околина не се идентификувани подрачја препознаени во меѓународен контекст – значајно подрачје за растенија (Important Plant Area – IPA), значајно подрачје за птици (Important Bird Area), примарно подрачје за пеперутки (Prime Butterfly Area), Емералд подрачје |

(Emerald site), Рамсарско подрачје (Ramsar site), итн. Според тоа, не постои веројатност за директна интеракција на планскиот опфат со локалитет(и) на природно наследство. Во продолжение е даден графички приказ на планскиот опфат поврзан со измените и дополнувањето на постоечкиот урбанистички план во однос на најблиските национални и значајни подрачја за биодиверзитет.




Слика 1 Плански опфат на измена во однос на најблиски заштитени и предложени за заштита национални подрачја




Слика Плански опфат на измена во однос на најблиски Емералд подрачја во пошироката околина

<table>
<tr>
<td></td>
<td><br>Слика Плански опфат на измена во однос на најблиски идентификувани значајни подрачја за птици, растенија и пеперутки и национални заштитени подрачја<br><br>Културно наследство<br>Согласно податоците од Експертниот елаборат за заштита на културното наследство и Археолошката карта на Република Македонија, на подрачјето на катастарските општини Љуботен и Пухче има евидентирани недвижни споменици на културата и археолошки локалитети, додека на подрачјето на катастарската општина Лакавица нема евидентирани недвижни споменици на културата и археолошки локалитети. Но, според надлежните органи, во планскиот опфат поврзан со измените, не се евидентирани недвижни споменици на култура и археолошки локалитети.</td>
</tr>
<tr>
<td>Надминувања на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности</td>
<td>Планскиот опфат и поширокото подрачје претставува рурална област на ридски терен каде отсуствуваат значајни стопански активности како притисоци врз животната средина и извори на емисии и загадувања.<br>Единствените влијанија се поврзани со сообраќајот по локалните патишта и ограничените традиционални земјоделски активности во и околината на населените места.<br>Од тие причини, не е веројатно дека постои ризик за надминувања на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности во околината.</td>
</tr>
<tr>
<td>Интензивна употреба на земјиштето</td>
<td>Планскиот опфат претставува рурална средина од ридски карактер, каде постојат земјоделски пракси на користење на просторот од локалното население, одгледување на добиток, како и одгледување на тутун и друго.</td>
</tr>
<tr>
<td>Влијанијата врз областите или пејзажите</td>
<td>Според достапните и релевантни документи од областа на природа и биодиверзитет, во поширокиот опфат на проектната област не постојат локалитети на природно наследство - заштитени подрачја со националното</td>
</tr>
</table>

| | |
|---|---|
| **што имаат признати статус на национални или меѓународни заштитени подрачја.** | законодавство или подрачја предложени за заштита, ниту подрачја препознати во меѓународен контекст. Не се евидентирани ниту локалитети со пределски вредности во опфатот и неговата околина.<br>Во однос на пределска разновидност, планскиот опфат и неговата околина зафаќа земјоделски, рурални и планински предели по должината на опфатот. |

| |
|---|
| **Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:** |
| Изменување и дополнување на урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на ветерен парк (за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет над 10 MW) во општина Штип, општина Радовиш и општина Карбинци е проект што се изработува согласно Просторниот план на Република Северна Македонија и служи за негово спроведување и разработка. Изменување и дополнување на постоечкиот урбанистички план има за цел урбанизација на простор заради поврзување на ветерниот парк со електропреносната мрежа на АД МЕПСО.<br>Со измените и дополнувањата на постоечкиот урбанистички план се предвидува линиска инфраструктура за изградба на 2x400kv далновод со должина од околу 7 км, поради што во следната фаза се очекува да биде подготвена проектно – техничка документација за оваа намена. |
| **Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):** |
| Планскиот опфат поврзан со измените и дополнувањата се наоѓа на територија на општина Штип и опфаќа претежно рурален предел со разновидна топографија – од рамничарски до ридско-плански терен.<br>Макролокациски, споменатиот плански опфат се наоѓа на околу 5,5 km југозападно од градот Штип во воздушна линија или на околу 8 km од Штип движејќи се по магистралниот пат А4 (Штип – Радовиш) во правец кон Радовиш.<br>Во околината на опфатот се наоѓаат неколку села, Љуботен, Лакавица и Балталија оддалечени неколку стотини метри од коридоторот на опфатот.<br>Планскиот опфат се граничи со плански опфат за кој што има издадено Услови за планирање на просторот за изградба на ветерен парк (производство на електрична енергија од обновливи ивори со капацитет над 10 MW) и за чија цел и реализација треба да послужи овој плански документ. |
| **Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој (да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови).** |
| Вклучувањето на аспектот на заштита на животната средина во изменување и дополнување на урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на ветерен парк (за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет над 10 MW) во општина Штип, општина Радовиш и општина Карбинци е од суштинско и огромно значење.<br>сДонесувањето на планскиот документ ќе придонесе за производство на значаен обем на чиста |

енергија притоа резултирајќи со избегнување на ослободување на преку 988.000 тони CO2-eq годишно (создадени преку конвенционално производство на електрична енергија од фосилни извори на енергија) и избегнување на влијанија врз квалитетот на воздухот, понатаму ќе значи значаен придонес во инфраструктурата за обновливи извори на енергија во земјата, како и петкратно зголемување на инсталираниот капацитет на ветер во Северна Македонија.

Понтаму, тоа подразбира проактивна заштита на животната средина преку избор на соодветни локации за инфраструктурата и избегнување на влијанија, интеграција на одржливи принципи, рационално користење на природните ресурси и заедничка работа на технички и тимови за заштита на животната средина, а со цел целосна усогласеност со националните законски норми и стандарди.

Висок степен на заштита на животната средина се обезбедува уште од фазата на планирање и проектирање, преку систематски пристап кој ги интегрира техничките, еколошките и социјалните барања. Ова се начините и механизмите што треба да обезбедат висок степен на заштита:

- Интеграција на принципите на одржлив развој,
- Избор на соодветна траса и локација,
- Спроведување на Оценка на влијанијата врз животната средина (ОВЖС),
- Еколошки прифатлив дизајн и технологии,
- Вклучување на мерки и системи за заштита од загадување и истекување интегрирани во проектот,
- Управување со отпад и ресурси,
- Мерки за биодиверзитет и пејзаж,
- Надзор и мониторинг во фаза на градба и работа,
- Избор на енергетски ефикасна опрема и материјали.

**Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност (објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали).**

Во однос на опфатот поврзан со измените и дополнувањата, релевантен извор за податоци од овој тип се локалниот еколошки акционен план за општината Штип, на чија територија се однесува планскиот опфат на предметниот плански документи.

Локалниот еколошки акционен план за општина Штип, актуелни еколошки проблеми се следните:

- Прекумерна бројност на бездомни кучиња
- Пожари на планината Серта: Во јули 2024 година, се случија пожари на неколку локации во штипскиот дел на планината Серта, при што беше опожарена дабова и борова шума.
- Проблеми со водоводната инфраструктура: Општина Штип се соочува со предизвици во водоснабдувањето, поврзано и со помалите населени места.
- Управување со комунален и други видови отпад. Собирањето на отпадот во општина Штип не е целосно на целата територија на општина Штип, поради што се формираат ѓубришта. Финалното одложување на отпадот, поради недостиг на соодветна и санитарна депонија се одложува на нестандарни депонии што се ризик и извор на влијанија врз животната средина.
- Отсуството на пречистителна станица за комунални отпадни води е сериозен проблем. Дополнително, отсуството на собирна канализација во помалите населените места резултира со неконтролирано испуштање на нетретирани комунални отпадни води во реципиенти и почва.

| **Објаснете како планскиот документ што е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина. Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.** |
|---|

Предметниот плански документ се изработува согласно Просторниот план на Република Северна Македонија и служи за негово спроведување и разработка, а се донесува за подрачја и градби од државно значење.

Планскиот опфат што се однесува на измената и дополнувањето се граничи со опфати за кои се издадени услови со број:

- Услови за планирање на просторот за надградба на магистралниот пат М6, Штип-Струмица во автопат со тех.бр. У20610 ( согласно овие Услови за планирање изработен е Проект за инфраструктура за автопат Штип-Струмица со Бр. 11254 со тех. бр. 1428/2009 од април 2011 година од страна на Балкан Консалтинг ДОО но истиот не е одобрен од надлежен орган но проектот е приложен информативно како прилог на оваа документација)
- Услови за планирање на просторот Проект за инфраструктура за изградба на магистрален гасовод з делница 3 Штип-Радовиш-Хамзали со тех.бр У20811– согласно добиените информации од АД НОМАГАС Скопје во државна сопственост со Бр. 08-4119/2 од 22.08.2025 година во граници на планскиот опфат не е донесена планска документација.
- Услови за планирање на просторот за изработка на проект за инфраструктура за изградба на државен пат А4 делница Штип-Радовиш со тех.бр У35114, согласно кои е одобрен Проект за инфраструктура за измена и дополна на Проектот за инфраструктура на државен пат А4 делница Штип - Радовиш од км 7+413.49 до км 37+198.88 од км 7+413.49 до км 28+000 одобрен од Министерство за транспорт и врски до Потврда број 71-2294/4 од 06.04.2021 година;
- Услови за планирање на просторот со намена сообраќајна инфраструктура- локален пат, КО Љуботен и КО Лакавица, општина Штип со тех.бр У29925. ( согласно овие Услови за планирање не е донесен урбанистички проект)

Планскиот опфат што се однесува на измената и дополнувањето се пресекува со две планско-проектни документации, за кои се прибавени извод, и тоа:

- Извод бр. 85/2025 од одобрен Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на Ветерен Парк (за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет над 10Mw) во општина Штип, општина Радовиш и општина Карбинци, изработен од „Квадар„ ДОО Скопје, со технички број 0701-960 од јуни 2025 година донесен со одлука број: 50-5847/15 од 17.06.2025 година
- Доставен Проект за инфраструктура за измена и дополна на „Проект за инфраструктура на државен пат А-4, делница Штип- Радовиш од км.7+413,39 до км.37+198.88„ од км 7+413.49 до км 28+000,00, Општина Штип и Општина Радовиш одобрен со потврда бр. 71-2294/4 од 06.04.2021 година

Во хиерархијата на планирање, планскиот документ што е предмет на разгледување е поврзан со следните плански документи:

- Во делот на водите и нивната заштита, планскиот документ е поврзан со Стратегијата за води на Република Македонија.
- Во делот на природа и биодиверзитет и нивната заштита, планскиот документ е поврзан со Национална стратегија за биолошка разновидност со акциски план 2018-2023 и Национална стратегијата за заштита на природата 2017-2027.
- Во делот на отпадот и неговото управување, планскиот документ е поврзан со Националата стратегијата за управување со отпад и Националниот план за управување со отпад.
- Во делот на климатски промени и намалување на влијанијата, планскиот документ е

поврзан со Стратегијата за животна средина и климатски промени.

- Во делот на енергетика, планскиот документ е поврзан со Стратегијата за развој на енергетиката во Република Македонија до 2040 година.

**Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.**

Како што беше напоменато, планскиот документ е во функција на урбанизација на дополнителен простор од само вкупно 27 ha заради овозможување на енергетско поврзување на ветерниот парк со националниот енергетски преносен систем.

Просторот на ветерната фарма Штип за чија цел и поврзување со националниот преносен систем за електрична енергија се изработува планскиот документ, бил третиран со државна урбанистичка планска документација за изградба на фарма за ветерници – Штип – општина Штип, Радовиш и Карбинци, за кој била спроведена постапка на стратегиска оцена на животната средина. Поради измени во развојот на проектот и овозможување на негова планска и проектна реализација, како и изминување на рокот на траење на планската документација, разработена е нова урбанистичка документација за просторот. Во продолжение е даден преглед на процесите поврзани со просторот.

- Општина Штип поднело барање за мислење за потребата од спроведување на постапка на стратегиска оцена на животната средина за Државната урбанистичка планска документација за изградба на фарма за ветерници – Штип – општина Штип, Радовиш и Карбинци (Арх.бр. 08-3000/1 од 09.06.2010 год.).
- Министерството за животна средина и просторно планирање доставило мислење до општина Штип да спроведе постапка на стратегиска оцена на животната средина за споменатата урбанистичка документација (Арх.бр. 08-6110/2 од 16.07.2010 год.).
- Инвеститорот, Инвалл Македонија, подготвило извештај за стратегиска оцена на животната средина (Извештај за стратегиска оцена на животната средина за Државна урбанистичка планска документација за фарма за ветерници, Октомври 2010 година, Деконс Ема, друштво за еколошки консалтинг).
- Извештај за стратегиска оцена на животната средина е доставен до Министерството за животна средина и просторно планирање (Арх.бр.08-5329/4 од 08.10.2010 год.)
- Министерството за животна средина и просторно планирање по разгледување на Извештај за стратегиска оцена дава позитивно мислење по содржината и обемот на извештајот за стратегиска оцена (Арх.бр. 08-10493/2 од 24.11.2010 год.).
- Заклучоците од извештајот за стратегиска оцена се влез за одобрената студија за оцена на влијанијето врз животната средина од проектот за ветерна фарма.
- Со оглед на измените во законодавството и ограничените измени во потребите на просторот, подготвена е нова урбанистичка документација (Урбанистички план за подрачја и граби од државно значење за изградба на ветерен парк (за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет поголем од 10MW) во општина Штип, општина Радовиш и општина Карбинци). Со оваа урбанистичка документација се третира речиси ист простор (плански опфат). Урбанистичкио тплан е донесен од страна на Владата на Република Северна Македонија со одлука бр. 50-5847/15 од 17 јуни 2025 година (Службен весник на РСМ бр. 122/25) за кој е издаден Извод бр. 85/2025 од Министерството за транспорт. Од овие причини и други дополнително посочени (во одлуката), донесена е одлука за неспроведува на стратегиска оцена на животната средина за посочената урбанистичка документација.

| |
|---|
| **Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изградба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).** |
| Изменувањето и дополнувањето на урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на ветерен парк (за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет над 10 MW) во општина Штип, општина Радовиш и општина Карбинци, опфаќа проектни активности за пренос на електрична енергија со површински водови.<br>Врз основа на Законот за животна средина („Службен весник на РМ“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 и „Службен весник на РСМ“ бр. 89/22, 171/22 и 03/25), Поглавје XI Оцена на влијанијата на определени проекти врз животната средина (член 76 и 94 од законот) и согласно Уредбата за определување на проектите и за критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оцена на влијанијата врз животната средина („Службен весник на РМ“ бр. 74/05, 109/09, 164/12 и 202/16 и „Службен весник на РСМ“ бр. 175/22), Проектот за далекувод припаѓа во:<br>Прилог II – Проекти за кои се утврдува потребата за спроведување постапка за оцена на влијанието врз животната средина (Генерално определени проекти).<br>Точка 3. Енергетика<br>(б) Индустриските инсталации за пренос и дистрибуција на гас, пареа и топла вода и за пренос и дистрибуција на електрична енергија со површински водови (проекти што не се вклучени во Прилог I);<br>Стратегиската оцена на животната средина (СОЖС) и оцената на влијанијата врз животната средина (ОВЖС) имаат слична цел да обезбедат заштита на животната средина, но се применуваат на различни нивоа на одлучување и се меѓусебно поврзани во хиерархијата на планирањето. Резултат од врската и поврзаноста на овие два процеса е континуитет и доследност во планирање на животната средина и нејзиното управување и интеграција на еколошките критериуми во раните фази на донесување одлуки, кога уште може да се направат значајни измени.<br>СОЖС поставува рамка и услови под кои треба се реализираат идните проекти предвидени со планскиот документ, додека ОВЖС во наредната фаза ги разработува тие услови на конкретна локација и обезбедува нивна практична примена.<br>Заклучоците и препораките од Стратегиската оцена на влијанијата врз животната средина задолжително треба да се земат предвид и да се инкорпорираат во Оцената на влијанијата врз животната средина од конкретни проекти предвидени со самиот плански документ. |

| | |
|---|---|
| **ИЗЈАВА** | **Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни.** |
| **Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот** | **Министер**<br>**Александар Николоски** |
| **Датум** 13.11.2025<br>**Место** бр. 67-1215/39 | Скопје<br>Ноември, 2025 год. |